# ЗАПИСНИК

3-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
Скопје, 16 декември, 2022 г.

Присутни:

Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Димитар Костадиноски (Градоначалник на Општина Јегуновце), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Иван Митровски (со овластување од Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Блерим Беџети (Градоначалник на Општина Сарај), Дејан Владев ( Градоначалник на Општина Свети Николе), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Иван Живковски (Претседател на Совет на Општина Кисела Вода), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје), Горан Трајковски (Градоначалник на Општина Делчево), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Зоран Љутков (Претседател на Совет на Општина Велес), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Љупчо Папазов (Градоначалник на Општина Кочани), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Томе Христоски (Градоначалник на Општина Крушево), Ивана Ѓорѓиевска (Претседателка на Совет на Општина Куманово), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Жаклина Стојановска (Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Аријан Ибраими (Градоначалник на Општина Центар Жупа), Курто Дудуш (Градоначалник на Општина Шуто Оризари), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје), Габриела Илиевска (Претседател на Совет на Општина Битола).

Дискусија:

На 3-та седница на Генерално Собрание на ЗЕЛС, беа присутни 48 делегати, од кои 2 со овластувања.
Генералното собрание констатираше дека на седницата се присутни мнозинство од делегатите и дека овој орган може полноправно да одлучува.

Генералното собрание го усвои следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од втората седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС, г-ѓа Данела Арсовска;
3. Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 г.;
4. Одлука за зголемување на годишната членарината на општините кон ЗЕЛС;
5. Разно - Дискусија;

**ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на Записникот од 2-ра седница на Генералното собрание

Делегатите едногласно го усвоија записникот од 2-ра седница на Генералното собрание без забелешки.

**ВТОРА ТОЧКА**: Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС, г-ѓа Данела Арсовска;

На присутните делегати им се обрати Претседателот на ЗЕЛС, г-ѓа Данела Арсовска која информираше за активностите кои ЗЕЛС ги спроведе во текот на 2022 г., со осврт на околностите во кои функционираше локалната самоуправа во нашата држава, приоритетите и претстојните прашања кои треба да бидат решени во што пократок рок а за кои е веќе отворена дискусија со надлежните институции.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 г.;

Извршниот директор на ЗЕЛС ги запозна присутните делегати со содржината на Предлог – Буџетот и Предлог планот на активности на ЗЕЛС, обата за 2023 г. со потврда дека истите се предложени од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС кој ги усвои на својата последна седница, а истите се усвоени и од страна на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

Беше посочено дека ЗЕЛС работи во околности кога општините имаат големи финансиски проблеми поврзани со енергетската криза, намалени приходи, но и тренд на зголемување на цените на енергенсите кои влијаат на буџетите на речиси сите установи основани од општините. Приоритетите се речиси во континуитет идентични, особено истакнувајќи ја потребата од склучување на нов Меморандум за соработка со Владата, како и борбата за воспоставување на унифициран и единствен информациски систем преку кој ќе се водат постапките согласно Законот за даноците на имот во електронска форма. Во однос на приходите во буџетот на ЗЕЛС, забележан е тренд на намалување на истите заради огромен генериран долг по основ на ненаплатена членарина, а и заради несоодветна методологија на изразување на висината на членарината која е утврдена по методот “по глава жител”, а со оглед на намалениот број на население во државата согласно последниот попис за речиси десетина проценти, очекувано е и намалување на приходите по основ на членарина за иста стапка.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС го усвои финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2023 г.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС го усвои планот на активности – акцискиот план на ЗЕЛС за 2023 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за зголемување на годишната членарина на општините кон ЗЕЛС;

Предлогот на оваа седница Генералното собрание да дискутира по прашањето за висината на годишната членарина која општините ја плаќаат кон ЗЕЛС произлегува единствено од резултатите на последниот попис на населението во државата, а кој служи како основ за утврдување на висината на годишната членарина на секоја општина поединечно, која во ЗЕЛС се пресметува согласно бројот на жители во општината. Бројот на населението е намален за речиси 10% сметано од претходниот попис спроведен во 2002 година, од каде, за иста вредност ќе дојде и до намалување на членарината во ЗЕЛС. За да може да се задржи финансиската стабилност и одржливост на ЗЕЛС на ниво како што е до сега, потребно е да се направи реално зголемување на висината на членарината и истата да изнесува 10 денари по жител сметано според бројот на жители на територијата на секоја општна. Во реалност, и покрај зголемувањето на членарината, на општините во просек износот на членарината нема да се зголеми, со оглед дека ќе се пресметува по зголемен износ по жител но со намален вкупен број на жители.

Беше истакнато и прашањето за намалениот износ на наплатена членарина кој за тековната 2022 година изнесува само 50%. ВО ЗЕЛС постојат механизми на отплата на членарината на рати и голем дел од општините ја користат оваа можност преку склучување на спогодба за отплата на долгот на рати.

**ОДЛУКА**: Генералното собрание на ЗЕЛС донесе одлука висината на членарината на општините и Градот Скопје кон ЗЕЛС да изнесува 10 денари по жител.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Разно

Генералното собрание отвори дискусија за општи прашања.

Градоначалникот на општина Радовиш, г. Ацо Ристов, изрази незадоволство од постигнатото во периодот на 2022 г. со оглед дека не се решени прашањата во образованието, во урбанизмот, во реформите на јавната администрација, надоместоците и финансирањето на изборниот процес, а најважно од се големиот товар предизвикан од ставање на општините на либералниот пазар на електрична енергија и прашањето за вакуумот поврзан со висината на комуналната такса.

Претседателот на ЗЕЛС, г-ѓа Арсовска укажа дека општините беа повикани заеднички, воедначено да изразат незадоволство пред Владата, дека се остварени неколку средби со Претседателот на Владата и надлежните министри без решение, а во моментите на потребно единство, општините не се одзваа на повиците за единствено настапување пред државните институции.

На присутните им се обратија и двајцата Потпретседатели на ЗЛЕС кои ја истакнаа заложбата за единствен ЗЕЛС кој треба да носи одлуки во интерес на сите општини, а дека својата позиција ЗЛЕС ќе ја користи пред се во застапување на општините пред Владата заради надминување на проблемите кои актуелно претставуваат проблем за општините.

Дискусијата заврши со повик кон сите делегати, за единство и поголема сплотеност во чекорите за решавање на проблемите со кои се соочуваат општините.

**Скопје, 16 декември, 2022 г.**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Данела Арсовска**